

Директорот на СУГС гимназија „Никола Карев” - Скопје, Андреј Манолев, е професор по Спорт и спортски активности.

Завршил Факултет за физичка култура на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј” - Скопје. Учествува во организацијата и развојот на средношколскиот спорт како потпретседател и претседател на Здружението на професори по спорт на Град Скопје. Активно учествувал во работилниците за јакнење на капацитетите на локалната самоуправа, начинот на финансирање и децентрализацијата на власта, организирани од УНДП. Бил учесник на обуки за јакнење на вештините за тимска работа и развивање на комуникациските способности, под покровителство на фондациите „Конрад Аденауер” и „Фридрих Еберт”

На последните локални избори во 2017 година, тој е избран за член и претседател на Советот во Општина Карпош.

## МИСИЈА

• Мисијата на нашето училиште е учениците да стекнат чувство за одговорност, да ги почитуваат принципите за толеранција, разбирање и ненасилна комуникација. Тежнееме кон поттикнување креативност кај учениците и наставниците и создавање личности способни за тимска работа. Само такви сестрани личности ќе бидат подготвени за сите предизвици што ги носи 21 век.

## ВИЗИЈА

• Сакаме да станеме модерно и ефикасно училиште во кое сè ќе биде за доброто на учениците, за постигнување на повисоки резултати во сите области како во училиштето, така и надвор од него. Училиштето да има квалитетни и мотивирани наставници кои сета своја енергија ќе ја насочат кон мотивирање на учениците за постигнување на подобри резултати, работејќи во модерни и компјутерски опремени кабинети.

Да создадеме училиште во кое екосвеста на учениците ќе биде на високо ниво, ќе го промовира мирот, ненасилството и мултиетничката интеграција и секако, училиште што ќе им го трасира патот на учениците кон високообразовните институции, задоволувајќи ги критериумите за влез во нив.